

**Вознесение Господово** се празнува четириесет денови после Велигден, поточно во четвртокот на шестата недела после празникот наВоскресението Христово.

**Значење**

Откако по Неговото воскресение светите апостоли и жените мироносици Го видоа, Христос го изврши сето она што беше потребно за спасение на човечкиот род, и дошло времето да Се врати кај Отецот: на земјата ја покажа љубовта Божја, со страданијата и жртвата го искупи човекот, а со воскресението покажа дека и смртта е победена, давајќи му ветување за вечен живот на човекот. На тој начин се открива Христовата икономија за човекот: Вознесувањето е исполнување на Воскресението Христово, а со тоа - и човековото воскресение и вознесение.

**Празнување**

Четириесетиот ден после Христовото воскресение, Христос им се јави на Неговите ученици, и им заповеда да одат по целиот свет, проповедајќи го Светото Евангелие на сите луѓе, велејќи им дека кој ќе поверува, и се крсти, ќе биде спасен, а кој не поверува, ќе биде осуден. За да успеат во таа мисија, Христос им Го ветил Светиот Дух Утешител, оти без Неговата благодат не би биле спремни да ја извршат доверената мисија. Откако им ја даде таа заповед, ги поведе своите апостоли и Пресвета Богородица на Маслиновата гора, близу Ерусалим, каде ги подигна рацете и ги благослови, и потоа на очиглед на сите присутени, Се вознесе на небото. Учениците се радувале на она што го гледале нивните очи. И додека тие со погледот Го барале Вознесениот Господ, им се јавиле два ангела, велејќи им: „*Мажи, Галилејци, зошто стоите и гледате во небото? Овој Исус Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде така како што Го видовте да оди на небото.* “

На вечерната богослужба која се служи во средата пред Вознесение, во склад со црковниот типик се врши Оддание на Пасха, еден вид затворање на циклусот на празнување велигденското празнување. Почетокот и крајот на службата во овој ден се врши исто како и на самиот ден Велигден. Повторно се пеат радосни стихови: “Нека воскресне Бог и нека се разбегаат непријателите Негови...“ и “Овој ден го создаде Господ, да се возрадуваме и возвеселиме во него...“. Се простуваме и се “разделуваме“ од Велигден, до идната година.

Установувањето на празникот Вознесение Господово е во длабоката древност. За тоа ни говорат сведоштвата на писмените споменици. Така, уште „Апостолски установи” пропишуваат празникот да се празнува во 40-иот ден по Пасха (кн. V гл. 18). Особено важни се сведоштвата од свети Јован Златоуст и блажени Августин. Свети Јован Златоуст овој празник го нарекува „најважен и голем” и го вбројува меѓу празниците кои, како Пасха и Педесетница, се установени од апостолите. Блажени Августин, споменувајќи за општото чествување на празникот, според Преданието, исто така, смета дека е установен од апостолите. Канoните на Вознесение Господово ги напишал свети Јован Дамаскин и преподобен Јосиф Песнописец. Кондакот и икосот се од свети Роман Слаткопеец.

Празникот Вознесение спаѓа во подвижните Господови празници и трае десет денови: еден ден предпразништво, кој се совпаѓа со оддавањето на Пасха, и осум денови попразништво. Оддавањето на празникот е во петокот на седмата седмица по Пасха.